**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА*

**IV ГОДИНА**

## *ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА*

***Медицинска сестра***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА

**1.2. Образовен профил и струка**
1.2.1. Образовен профил: медицинска сестра
1.2.2. Струка: здравствена

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет:**
1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот **интерна и педијатрија со нега** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ги разликува периодите на детството, физиолошките од патолошките состојби кај новородено и мало дете;
- да ги дефинира поимите новороденче, недоносено, недостасано, основните демографски стапки;
- да ги опишува физиолошките карактеристики, биолошките појави кај новороденото и родилен травматизам;
- да ги анализира карактеристиките на одделни периоди на детството;
- да ги анализира основните патолошки процеси кај новороденото и предностите на природната исхрана;
- да го објаснува начинот на дополнителна и двовидна исхрана;
- да развива позитивен став кон природна исхрана;
- да ги препознава конгениталните малформации на одредени системи;
- да ги познава етиолошките фактори, основните принципи на терапијата на одделните заболувања кај децата;
- да ги објаснува основните објективни симптоми на заболувањата и причинско-последичните врски на одделните заболувања кај децата;
- да користи медицинска терминологија;
- да ги интегрира знаењата во практичната настава;
- да развива вештини за позитивна комуникација и да соработува во група.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели потребни се предзнаења од наставните предмети анатомија, физиологија и хигиена со здравствено воспитување изучувани во I година; нега на болен, патологија, микробиологија и инфектологија со нега изучувани во II година; интерна и педијатрија со нега и микробиологија и инфектологија со нега, хирургија со гинекологија и акушерство со нега изучувани во III година, застапени во наставниот план за образовниот профил медицинска сестра, предмети карактеристични за образовниот профил.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕТСТВОТО И ОСНОВНИТЕ ДЕМОГРАФСКИ СТАПКИ** | **4** | Ученикот:<br>- да ги разликува периодите на дет-ството;<br>- да ги анализира карактеристиките на одделни периоди на детството;<br>- да ги дефинира основните демографски стапки. | - Поттикнување на учениците да истражуваат на Интернет за разликите во демографските стапки во одделни делови на светот и презентирње на материјалот;<br>- развивање на дискусија со учениците за периодите на | Практична настава Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | детството и нивните карак-теристики;<br>- презентирање на илустра-тивни материјали (слики, фотографии, видеоматеријал, компјутерски анимации и друго) за периоди на детството. | |
| **2. НОВОРОДЕНЧЕ** | **12** | - Да ги дефинира поимите новороденче, недоносено, недостасано;<br>- да ги диференцира анатомските особини кај новороденчето;<br>- да ги опишува: физиолошките карактеристики и биолошките појави кај новороденото,родилен травматизам;<br>- да ги анализира основните пато-лошки процеси кај новороденото;<br>- да ги разликува физиолошките од патолошките состојби кај новороденото;<br>- да го класифицира надворешниот изглед и особеностите на недоносено и недостасано;<br>- да наведува причини за недоносеност и недостасаност дете; | - Презентирање на материјали (слики, фото-графии, видеоматеријали, компјутерски анимации и друго) за надворешниот изглед на новородено, недоносено со нивните карактеристики;<br>- дискутирање за разлики и сличности на новородено, недоносено и недостасано;<br>- физиолошки развој и најчести патолошки промени кај новороденчето;<br>- демонстрирање постапки при укажување на прва помош при раѓање. | Практична настава Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да објаснува давање на прва помош при раѓање;<br>- да ги идентификува пренатално условените болести. | | |
| **3. ИСХРАНА НА НОВОРОДЕНЧЕ И ДОЕНЧЕ** | **10** | - Да ги истакнува предностите на природната исхрана;<br>- да ги опишува индикациите и контраиндикациите на доење, техника на вештачка и природна исхрана на доенче, клиничка слика, превенција и терапија на рахит;<br>- да ги споредува карактеристиките на вештачка и природна исхрана;<br>- да го објаснува начинот на дополнителна и двовидна исхрана;<br>- да ги дефинира поимите хипо и авитаминози. | - Презентирање на компаративни материјали (слики, фотографии, видео-материјали, компјутерски анимации и друго) за техника на природна и вештачка исхрана, дополнителна и двовидна исхрана;<br>- водење на насочена дискусија за предности на природна исхрана, рахит кај новороденчето;<br>- демонстрирање постапки при укажување на прва помош при раѓање. | Практична настава |
| **4. БОЛЕСТИ НА ОРГАНИТЕ ЗА ВАРЕЊЕ И ПОРЕМЕТУВАЊА ВО ИСХРАНАТА** | **10** | - Да ги објаснува најчестите заболувања на органите за варење кај детето;<br>- да ги опишува:<br>= акутните и хроничните нарушувања во исхраната;<br>= стекнатите болести на органите за варење;<br>-да ги објаснува конгениталните | - Водење насочена дискусија по претходно подготвени прашања во врска со заболувањата на органите за варење;<br>- демонстрирање на постери со најчести малформации на дигестивниот систем;<br>- - анализирање на симтоми | Практична настава<br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | малформации на органите за варење. | на стекнатите заболувања на органите за варење. | |
| **5. БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРНИОТ СИСТЕМ** | **8** | - Да ги класифицира респираторните заболувања според етиологијата и симптоматологијата;<br>- да ги опишува симптомите, клиничкиот тек и терапија на болестите на органите за дишење;<br>- да ја објаснува превенцијата и етиологијата кај туберкулозата;<br>- да идентификува карактеристични симптоми, начини на пренесување и заштита од туберкулозата. | - Презентирање на материјали (слики, фотографии, видеоматеријали, компјутерски анимации и друго) за клиничка слика на респираторни заболувања;<br>- демонстрирање на постери со табели за класификации на респираторни заболувања;<br>- насочување на изработка на плакат за превенција на ТБЦ кај деца;<br>- водење насочена дискусија за БЦГ вакцина како дел од вакцинален календар. | Практична настава Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |
| **6. БОЛЕСТИ НА КАРДИОВАСКУЛАРНИОТ И КРВНИОТ СИСТЕМ** | **6** | - Да ги дефинира поимите вродени и стекнати срцеви мани;<br>- да ги опишува симптомите, клиничкиот тек, терапија и превенција на ревматска болест, анемија, леукемија, хеморагии. | - Презентирање на материјали (слики, фотографии, видеоматеријали, компјутерски анимации и друго) за вродени и стекнати срцеви мани;<br>- демонстрирање на постери со табели за класификации на заболувања на крвната систем;<br>- водење насочена дискусија | Практична настава Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | за превенција и манифестација на ревматска треска. | |
| **7. БОЛЕСТИ НА УРИНАРНИОТ СИСТЕМ** | **6** | - Да ги опишува симптомите, клиничкиот тек, терапија и превенција на акутен гломерулонефрит и пиелонефрит кај дете. | - Презентирање на материјали (слики, фотографии, видео-материјали, компјутерски анимации) за гломеруло и пиелонефрит;<br>- водење насочена дискусија за превенција уринарни заболувања во детска возраст. | Практична настава |
| **9. БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ** | **6** | - Да ги класифицира болестите на нервниот систем според етиологијата и локализацијата;<br>- да ги опишува симптомите, клиничкиот тек и терапија на инфективни болести на нервниот систем. | - Водење насочена дискусија за болестите на нервниот систем;<br>- презентирање на материјали (слики, фотографии, ВХС, ЦД, ДВД) за болестите на нервниот систем според етиологијата и локализацијата. | Практична настава<br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |
| **10. БОЛЕСТИ НА ЕНДОКРИНИОТ СИСТЕМ** | **4** | - Да ги опишува симптомите, клиничкиот тек, терапија и превенција на дијабетес мелитус кај деца. | Презентирање на материјали (слики, фотографии,видео-материјали, компјутерски анимации) за болестите на нервниот систем според | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | етиологијата и локализацијата;<br>- демонстрирање на апликација на инсулинска терапија. | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставната програма по **интерна и педијатрија со нега** наставникот применува современи наставни методи кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата преку неговите активности во училиштето и вон училиштето. Овие наставни методи подразбираат примена на наставните форми за работа: работа во групи, во парови/тендеми/или индивидуално.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, поставува прашања, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го води ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, читање и пишување, правење проекти на дадена тема, изработување домашни задачи и друго.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно - образовната работа по наставниот предмет **интерна и педијатрија со нега** се реализира преку теоретска настава во кабинет-училница. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите, кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повтрување, утврдување, правење проекти на дадена тема, гледање на видеофилмови и ЦД ,часови за систематизација на материјалот и подготовка за државна матура, преку организирање на работилници со содржини од обласста на **интерна и педијатрија со нега**.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се користи: графоскоп, компјутери, телевизор, видеоленти и ЦД, слики, текстови и други наставни средства и помагала предвидени според нормативот за простор, опрема и наставни средства.

За поуспешно совладување на целите на предметот ученикот користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, дополнителна литература за наставникот, Интернет, стручни списанија и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно, вежби и писмено преку тестови на знаења или други форми, кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет **интерна и педијатрија со нега** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

**6.2. Стандард за наставен кадар**

Наставата по предметот **интерна и педијатрија со нега** ја реализираат кадри со завршени студии по:

- медицина;

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**6.3. Стандард за простор**

Наставата по наставниот предмет **интерна и педијатрија со нега** се реализира во кабинет-училница, опремена според Нормативот за простор и опрема за здравствената струката за профилот медицинска сестра .

**7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОГРАМАТА**

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. д-р спец.Лидушка Василеска,раководител, советник , ЦСОО -Скопје
2. д-р Соња Славковиќ наставник, СМУГ„Д-р Панче Караѓозов” -Скопје
3. проф. д-р Оливера Муратовска, Клиника за детски болести-Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: септември 2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **интерна и педијатрија со нега** ја одобри (донесе) Министерство за образование и наука со решение бр. 07 - 4332 / 1 од 03. 06. 2008 година.